# Превозна услуга како поддршка
## Ја поврзуваме нашата заедница

### Во што се состои оваа услуга?

Сакаме да им помогнеме на постарите жители на Манингем да патуваат низ нивното соседство. За да го олесниме патувањето, воведуваме превозна услуга во пробен период до крајот на 2022 година.

### Кој може да го користи автобусот на заедницата?

Право на користење имате ако сте:

- жител на Манингем
- постар/а од 65 години
- имате потреба од поддршка во поглед на превозот
- сте независни и подвижни (можеме да превезуваме и одредени помагала за движење и инвалидски колички)

На негувателите им е дозволено да патуваат заедно со лицето за кое што се грижат.

### До каде може да патувам?

Може да патувате до низа локации низ Манингем.
Услугата ќе ви помогне да ги исполните вашите неопходни и лични потреби за купување. Исто така, ќе може да присуствувате на локални општествени и рекреативни активности..

Жителите што ги исполнуваат условите ќе може да ја користат оваа услуга во текот на целата седмица. Патниците ќе плаќаат скромен надомест за оваа услуга (6,70 долари дневно). Услугата ќе се дава врз основа на COVID¬ безбеденосен план.

### Што ќе се случува во текот на пробниот период?

Во текот на пробниот период, ќе ги следиме:

- бројот на жители на кои што им е потребна оваа услуга
- претпочитаните дестинации
- претпочитаните денови и време на користење во текот на седмицата

За време на пробниот период, внимателно ќе ги разгледуваме повратните информации од клиентите и шемите на користење. Можно е да додадеме нови дестинаци или други подобрувања на услугата, кога условите тоа го дозволуваат. Можно е да има периоди кога нема да бидеме во можност да ги задоволиме сите барања за оваа услуга.

Информациите што ќе ги собираме за периодите на најголемо користење и за дестинациите на патување, ќе ни помогнат да ја подобриме услугата во иднина.

### Што ќе се случи на крајот на пробниот период?

На крајот на пробниот период, ќе ги разгледаме повратните информации и информациите за користењето што сме ги прибрале. На почетокот на 2023 година ќе ве информираме за идните можности за превоз.

### Како може да добијам повеќе информации?

Ве молиме контактирајте ја Кетрин Вокер од Поддршката за постари лица и лица со попреченост:

9840 9700

**supportedtransport@manningham.vic.gov.au**

Interpreter service **9840 9355**
普通话 廣東話 Ελληνικά Italiano فارسی العربية

MANNINGHAM